**ОПШТИНА ШТИП**

МQS
СЕРТИФИКАТ
ISO 9001:2008

*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
БР.18-378/5
04. 04.2023 год.

Врз основа на член 35 став 13 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ "бр.199/14,44/15,193/15 ,31/16,163/16,64/18 и 168/18 ) Градоначалникот на Општина Штип на предлог на Комисијата за урбанизам донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За организирање на повторна јавна презентација и јавна анкета на предлог план измена и дополнување на ДУП поранешна " Македонка", дел од УБ 65,67 и 68 со опфат на УП бр. 20,21,23 и 25 , Општина Штип .**

Член 1

Со ова решение се организира повторна јавна презентација и јавна анкета по **предлог план измена и дополнување на ДУП поранешна " Македонка", дел од УБ 65,67 и 68 со опфат на УП бр. 20,21,23 и 25 ,** Општина Штип

Член 2

За времето и местото на изложувањето на планот од член 1 и доставувањето на забелешките од став 1 на овој член, ќе се објави соопштение во јавните гласила три дена пред започнување на јавната анкета..

Повторната јавна презентација и јавна анкета ќе трае 5 работни дена започнувајќи три дена од денот на објавувањето на соопштението во две јавни гласила.

Член 3

Заинтересираните граѓани и правни лица во предвидениот рок на анкетни листови ќе можат да ги достават своите забелешки по однос на горенаведената планска документација во електронска форма преку информацискиот систем на е-урбанизам или во писмена форма преку архива.

По завршувањето на јавната презентација и јавна анкета ќе се изработи извештај со образложение заприфатените и неприфатените забелешки.

Градоначалник на Општина Штип
Иван Јорданов

*Општина Штип ул. „Васил Главинов" бр. 4Б, 2000 Штип, Република С. Македонија*
*Одделение за урбанизам,градежништво,станбени работи и заштита на животна средина*
*Веб страна: www.stip.gov.mk е-пошта:gradoncalnik@stip.gov.mk*